Уп. Бр.08-145/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Јуропиен Медиа Сервисес Сингл Мембер С.А. со регистрирано седиште на адреса Кифисиа, Атика, 36 Вилтаниоти Стрит, Грција, преку Божидар Миложевиќ адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 08.11.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Јуропиен Медиа Сервисес Сингл Мембер С.А. со регистрирано седиште на адреса Кифисиа, Атика, 36 Вилтаниоти Стрит, Грција, ќе стекне контрола над друштвото Грик Јелоу Пејџес Принтед енд Електроник Информејшн С.А., со регистрирано седиште на адреса 26-28 Георгиу Авероф Стрит, 142 32 Неа Јонија, Атика, Грција, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 05.10.2023 година, а дополнето на 24.10.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од **Јуропиен Медиа Сервисес Сингл Мембер С.А.** со регистрирано седиште на адреса Кифисиа, Атика, 36 Вилтаниоти Стрит, Грција со која **Јуропиен Медиа Сервисес Сингл Мембер С.А** стекнува контрола над **Грик Јелоу Пејџес Принтед енд Електроник Информејшн С.А.,** со регистрирано седиште на адреса 26-28 Георгиу Авероф Стрит, 142 32 Неа Јонија, Атика, Грција, преку купопродажба на акции

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Јуропиен Медиа Сервисес Сингл Мембер С.А.** е друштво под заедничка контрола на друштвата Јунајтед Медиа С.а.р.л. (United Media S.à.r.l.), со седиште на адреса Руе Жан Моне 6, Л-2180 Луксембург и Хостафрано Лимитед (Hostafrano Limited), со канцеларии на адреса Арх. Макариоу III, 58, ИРИС ТАУЕР, 8-ми кат, 1075 Никозија, Кипар. Друштвото Јуропиен Медиа Сервисес Сингл Мембер С.А. е холдинг друштво и нема остварено самостојно приход претходната година.

**Јунајтед Медиа С.а.р.л.** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дејности на сателитска телекомуникација,
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и
- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се бави со дејности на сателитска телекомуникација.

**Хостафрано Лимитед** е друштво со ограничена одговорност кое е основано и работи во согласност со законите на Кипар. Активностите на Хостафрано Лимитед се ограничени на поседувањето удели во други друштва.

Хостафрано Лимитед, вклучувајќи ги и поврзаните лица, нема зависни друштва во Северна Македонија и не остварува приходи на пазарот во Северна Македонија.

**Грик Јелоу Пејџес** се бави со објавување локални телефонски именици („бели страни“), онлајн верзии на телефонски именици и веб-страници („жолти страни“) со информации за правни лица и претприемачи наменети за потрошувачите, како и со продажба на рекламен простор на интернет. Грик Јелоу Пејџес претставува платформа за промоција и рекламирање на трговски друштва и претприемачи и сигурен извор на информации за телефони и интернет адреси за учесниците

присутни на грчкиот пазар.

Грик Јелоу Пејџес е исклучиво присутно на пазарот во Грција, нема зависни друштва во Северна Македонија и не остварува приход на пазарот во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата  вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**